**<u>Образец бр. 2</u>**

**Иницијална проценка на влијание на регулативата**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

**1.Опис на проблемите**

-Висок износ на прекршочните санкции, несоодветно пропорционални на домашните услови во кои се врши туристичката дејност. (Имено, согласно одредбите од постоечкиот Закон за туристичка дејност, предвидени се вкупно 48 прекршоци, за кои во зависност од видот на сторителот на прекршок како највисока глоба е предвидена и до 5.000 евра (за правното лице), до 600 евра (за одговорното лице во правното лице) и 700 евра (за физичкото лице);

-Кумулативна примена на двојни казни за вршителите на туристичката дејност (покрај паричниот износ на глобата, Законот предвидува и дополнителна санкција привремена забрана за вршење професија, дејност или должност, за правно лице и одговорното лице во правното лице);

-Комплицирана постапка за добивање лиценца за вршење туристичка дејност, во зависност од видот на истата (А, Б или В),

-Ограничено времетраење на лиценцата за вршење туристичка дејност,

-Непостоење правила за одземање лиценца од надлежен орган, во случај непрофесионално однесување на вршителите на туристичка дејност,

-Непрецизно утврдени правила за надомест на корисниците на услугите, од страна на вршителите на туристичката дејност во случај откажување на туристички аранжмани,

-Дисконтинуитет во вршењето на дејноста туризам (се поголем број фирми се принудени да бидат затворени поради неможноста да бидат исплатени високите износи на глоби во случај на сторен прекршок);

-Опаѓање на конкурентноста во секторот туризам;

-Нестабилност на стапката на вработеност во овој сектор и

-Потенцијален ризик од влошување на квалитетот на услугите во оваа дејност.

**2.Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

- Унапредување на казнената политика,
- Подобрување на бизнис климата во Република Македонија,
- Поквалитетно нормативно регулирање на условите за вршење туристичка дејност преку поедноставување и олеснување на неговата примена од страна на засегнатите деловни субјекти и
- Подобрување на квалитетот на услугите во туристичката дејност во Република Македонија.

**3.Идентификација на можни решенија (опции)**

-востановување два типа лиценцирани туристички агенции кои ќе работат со лиценца “А“, или лиценца “Б“. Се укинува постоењето на лиценцата “В” за вршење туристичка дејност, при што во голема мера е извршено олеснување и поедноставување на условите за добивање лиценца “Б”;

-интервенирање во делот права и обврски на агенциите, вршењето туристичка дејност со лиценца, издавањето и времетраењето на лиценцата, престанокот на важење на лиценцата, одземањето на лиценцата и условите за давање лиценца,

-интервенирање во делот услуги кои се нудат од страна на туристичките агенции, односно во туристички програми кои содржат специфични видови услуги покрај туристички водич, да бидат ангажирани и лица обучени за таков вид услуга;
-определувањето на висината на трошоците за полагање стручен испит за добивање сертификат за раководител на туристичка агенција, туристички водич и туристички придружник да премине во надлежност на високообразовние институции од областа на туризамот и угостителството, каде и се полага стручниот испит. Согласно постоечкиот закон, оваа надлежност е во рамки на Владата на Република Македонија;
-рангирање на прекршоците ( прво ниво – административни престапи со проценета незначителна опасност, второ ниво – прекршоци со проценета значителна опасност и трето ниво – прекршоци кои предизвикуваат тешки последици );
-намалување на висината на глобата за предвидените прекршоци, во просек за 50%, зависно од нивното рангирање и
-вградување одредби за укажување и едукација, за прекршоците од прв ранг т.е. прво ниво.

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):**
-Изготвување Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност.

**Опис:**

Со измените се интервенира во материјалниот дел од Законот, и тоа во делот права и обврски на агенциите, вршењето туристичка дејност со лиценца, издавањето и времетраењето на лиценцата, престанокот на важење на лиценцата, одземањето на лиценцата, условите за давање лиценца, подобрување на услугите од туристичките агенции преку ангажирањето специјализирани водичи, покрај туристичките водичи, промена на надлежноста на институциите кои ги определуваат трошоците за полагање стручен испит за добивање сертификат раководител на туристика агенција, туристичките водич, туристичките придружник. Поддолу следи анализа на предложеното решение:
- со одредбата со која што вршителите на туристичка дејност се обврзуваат, при организирање на туристичките патувања, во патничките програми кои вклучуваат спортско-рекреативни, авантуристички и екстремни активности, освен ангажирање туристички водичи да ангажираат и стручно оспособени лица за такви активности (тренери, инструктори, водичи и слично) се подобрува квалитетот на услугата.

- со прецизирање на обврските на туристичките агенции кон корисниците на услугите, во случај откажување на туристичкиот пакет аранжман по грешка на агенцијата, се воведува правната заштита на правото на потрошувачот.

-со укинување на постоењето и издавањето на лиценцата В, за туристичките агенции се врши големо олеснување и тоа не само од процедурален аспект, туку и од суштински, бидејки условите кои важеа за добивање лиценца В (како најлесни) не се укинуваат, туку напротив, сега ќе важат за добивање лиценца Б,

-со укинување на обврската на туристичките агенции при поднесување на барањето за добивање лиценца, да доставуваат изјава за позитивен бонитет, претставува само формално укинување на оваа обврска бидејки со измените на законот од 2008 оваа обврска е укината, но поради технички пропусти во текстот на законот оваа одредба на некои места сеуште постои,

-со воведување неограничено времетраење на важноста на лиценцата, се до моментот на нејзиното престанување, или одземање, согласно условите предвидени во Законот, се избегнуваат непотребните административни формалности за обновување на

важноста на лиценцата, на секои три години. Но, ова незначи дека туристичките агенции можат и смеат да отстапат од условите што ги имале во моментот на добивањето на лиценцата, бидејќи надлежните инспекциски органи се обврзани да вршат постојана контрола во овој дел,

-со воведување можност за одземање на лиценцата од страна на надлежниот орган на државна управа – Министерството за економија, во стриктно определени случаеви, се регулира конкретно отворено прашање за кое досега немало прецизни законски одредби. Оваа одредба е воведена по примерот на земјите од регионот Хрватска, Србија и Словенија.

-со укинување на одредбата за определување на висината на трошоците за полагање стручен испит за добивање сертификат за раководење со туристичка агенција, за сертификат за туристички водич и придружник од страна на Владата на Република Македонија во насока истите да бидат определени од страна на високообразовните институции, согласно нивните интерни акти, се врши усогласување на законот со фактичката состојба. Ова од причина што факултетите и досега самостојно ја определуваат висината на трошоците за полагање стручен испит за добивање сертификат за раководење со туристичка агенција, без да бидат направени консултации со Владата на Република Македонија,

-со укинување на можноста за туристичките агенции со лиценца “Б“, да можат да се занимаваат со сите активности со кои се занимаваат и туристичките агенции со лиценца “А“ на територијата на Република Македонија, се врши прецизно разграничување на правата и обврските на двата типа туристички агенции, а со тоа и индиректно се подобрува квалитетот на услугата во овој сектор и

-со воведување нови одредби со кои покрај Упатството, предвидено е да биде донесен и Правилник за субвенционирање на странскиот организиран туристички промет, на јасен и прецизен начин се утврдува надлежностите за начинот на оставрување на правото за овој вид субвенции, видот и висината.

Во делот на надзорот и прекршочните одредби од Законот се врши рангирање на прекршоците согласно Мерките и Препораките од Владата на Република Македонија, се воведува укажувањето со поканата заедукација за најлесните прекршоци, се врши значително намалување на износот на глобата и тоа на следниов начин:

-со намалување на висината на износот на глобите во просек за околу 45% се врши најголемо растеретување од финансиски аспект, за вршителите на туристичката дејност,
-за прекршоците од I ранг, наместо забрана за вршење дејност се предвидува укажување за неправилностите констатирани на записник, со определување рок од 8 дена за нивно отстранување и со истовремено врачување покана за спроведување едукација на лицето, или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор,

-со бришење на обврските на инспекторите за постапување во случај на оправдано сомневање за сторен прекршок се врши растеретување на законот, поради негова пренормираност. Ова од причина што овие одредби веќе се содржани во Законот за инспекциски надзор и Законот за државен пазрен инспекторат,

-со предвидувањето привремена забрана во траење од 30 дена, за прекршоците од III ранг, како и и намалување на траењето на привремената забрана од 60, на 30 дена, се врши усогласување со мерките за унапредување на казнената политика. Ова претставува значителна олеснителна мерка за вршителите на турстичката дејност, која во голма мера ќе придонесе за одржување на стабилноста на стапката за вработеност и континуитетот во вршењето на оваа дејност,

-со прецизирање на типот на прекршоците, за кои прекршочната постапка се води пред прекршочните комисии и пред надлежните судови, се врши олеснување и

разграничување на процедурите за вршење надзор, водење постапки и изрекување соодветни санкции,

**1.Трошоци**

-Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите. / НЕ предвидува воведување на нови формалности

-Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците. / НЕ предизвика иницијални трошоци

-Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците. / НЕ предизвика континуирани трошоци

-Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците. / НЕ предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица

-Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците. / НЕ предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица

**2.Придобивки**

-Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни / ИМА,
За вршителите на туристичката дејност, значително растеретување од евентуално плаќање високи износи на глоба, во случај сторен прекршок предвиден со Законот, преку:
а) намалување на висината на глобите во просек за 45%,
б) укинување на мерката забрана за вршење дејност, за прекршоци од прв и втор ранг и
в) воведување на мерката укажување, со едукација, за прекршоци од прв ранг.

-Други нефинансиски придобивки за засегнати страни: ИМА /
За корисниците на услугите постои поголема сигурност од аспект заштита и остварување на своите права како потрошувачи,
За вршителите на туристичката дејност воведени се олеснувања во делот на постапката за добивање лиценца.
За органите на државна управа, во делот на вршење надзор (полесено следење на прекршоците, поради нивното групирање).

**3.Ризици и претпоставки**
-нелојална конкуренција во туристичката дејност, по претпоставка без добиена лиценца, правниот субјект да има можност да организира и спроведува туристички аранжмани со образовни, спортски, културни и други институции и
-губење на правото за остварување субвенции за организиран странски туристички промет, под претпоставка како барател на субвенција да се јави правен субјект кој што не поседува лиценца за вршење туристичка дејност.

**4.Останати влијанија**

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | НЕ | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | ДА | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

**Чекор 3: Консултации**

- Иницијалната проценка на влијанието на регулативата е подготвена од страна на Секторот за туризам и угостителство при Министерството за економија.

**Резиме на иницијалната**
**проценка на влијание на регулативата**

**1.Краток осврт на преферираното решение/опција:**

-Изготвување на Предлог на Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичка дејност, во насока поквалитетно нормативно регулирање на условите за вршење туристичка дејност, преку поедноставување и олеснување на неговата примена од страна на засегнатите деловни субјекти, подобрување на квалитетот на услугите во туристичката дејност и унапредување на казнената политика согласно препораките на Владата на Република Македонија.

**2.Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

Зоран Николовски, раководител на Сектор за туризам и угостителство
zoran.nikolovski@economy.gov.mk / 02 3093539
Шовкет Хазари, државен советник за туризам и угостителство
sovket.hazari@economy.gov.mk / 02 3093537

**3.Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

Катерина Костеска, државен секретар
тел.+389 2 3093-404
e- mail:katerina.kosteska@economy.gov.mk

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Има | врз економијата |
| 5. | Нема влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 2.11.2010 год.<br>Вклучени организации и претставници: од Државниот пазарен инспекторат, Бизнис секторот (комори, здруженија и асоцијации) и Високообразовни институции од областа на туризамот. | ДА<br><br>. |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации.<br>(Предлог на законот е доставен на мислење до Секретаријатот за законодавство, Заменик на Претседателот на Владата на Република Македонија, м-р Владимир Пешевски, Министерството за правда и Министерството за финансии.) | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

**Јас, *Фатмир Беисми*** , изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

.................................................................................. Датум: 1.11.2010

Датум: